Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЗРНОВЦИ
Бр. 09-437/15
11.05 2023 год.
ЗРНОВЦИ

ДРУШТВО ЗА УСЛУГИ
ВЕТЕРИНАРНА СТАНИЦА ДООЕЛ
Бр. 0302/20
18.05 2023 год.
ВИНИЦА

A-PDF Image To PDF Demo. Purchase from www.A-PDF.com to remove the watermark

# ДОГОВОР

**за Заловување и стручен третман на бездомни и нерегистрирани кучиња на територија на Општина Зрновци за период од една година**

Склучен на ден **11.05.2023 година** во **Зрновци**, помеѓу:

**1. ОПШТИНА ЗРНОВЦИ,** со седиште на Ул.,, Илинденска,, бб, Зрновци, со ЕДБ **4013005120933** и ЕМБС **06010407** , застапувана од Градоначалникот **Борчо Коцев** (во понатамошниот текст како **Корисник на услугите**) од една страна и

**2. ДООЕЛ ВЕТЕРИНАРНА СТАНИЦА Виница** , со седиште на **ул.„Илинденска“, бр.96, Виница,** со ЕДБ **4005989101273** и ЕМБС **4039513**, со ж-ска бр.**200000002005467** депонент при Стопанска банка А.Д.-Скопје, застапувана од управителот Кристина Филипова Наунов **од Виница**, (во понатамошен текст како **Давател на услугата**) од друга страна,

**ВО ПОНАТАМОШНИОТ ТЕКСТ КАКО ДОГОВОРНИ СТРАНИ.**

**Член 1**

Со овој Договор се уредуваат односите за вршење на услуга за заловување и стручен третман на бездомни и нерегистрирани кучиња на територија на Општина Зрновци за период од една година помеѓу договорните страни.

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОР

**Член 2**

Предмет на овој Договор е заловување и стручен третман на бездомни и нерегистрирани кучиња на територија на Општина Зрновци за период од една година , транспорт до прифатилиште, хранење и напојување за време додека се сместени во прифатилиштето и зависно од конкретната потреба и согласно прописите од областа на ветеринарно здравство, Закон за Благосостојба на животните и Правилник за техничките услови за прифатилиштата односно вршење на дијагностички испитувања, хируршки интервенции, идентификација и регистрација, вакцинација и дехелминтизација или еутаназија на заловените кучиња и транспорт до депонија.

## ЦЕНА И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 3**

Вкупна договорена сума за вршење за договрената услуга, како што е детално опишано во член 2 (два) од овој Договор изнесува до **100.000,00 денари без вклучен ДДВ.**

Плаќањето ќе се врши по следниве едничени цени, во кои не е вклучен ДДВ, до искористување на проценетата вредност за договорената услуга предвидена во Договорот:

**Табела 1**

| Реден број | Опис | Количина | Единечна цена без ДДВ |
| --- | --- | --- | --- |
| 1 | Заловување на куче скитник со јамка и транспорт до прифатилиште | 1 | 300,00 денари |
| 2 | Заловување на куче скитник со пушка-анестезија и транспорт до прифатилиште | 1 | 300,00 денари |
| 3 | Дневен трошок за престој на куче во прифатилиште | 1 | 255,00 денари |
| 4 | Лабораториско испитување на Лајшманија | 1 | 600,00 денари |
| 5 | Вакцинирање против беснило и антипаразитен третман | 1 | 660,00 денари |
| 6 | Кастрација / ојаловување на машки кучиња | 1 | 2.200,00 денари |
| 7 | Кастрација (овариохистеректомија) на женски кучиња | 1 | 2,800,00 денари |
| 8 | Идентификација со чип | 1 | 400,00 денари |
| 9 | Идентификација со ушна маркица | 1 | 100,00 денари |
| 10 | Еутаназија(безболно усмртување) | 1 | 1,700,00 деанри |

Во цените за извршување на услугите, детално наведени во Табела 1 од овој Договор не е вклучен износ на име ДДВ.

Плаќањето ќе се врши по пресметка содржана во фактура која ќе ја издава Давателот на услугите, во која ќе биде пресметан и износот на име ДДВ, и тоа 60 дена од приемот на фактурата во Архива на Општина Зрновци.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

Овој Договор, со полна согласност на волјите на договорните страни се склучува за временски период од 1 (една) година или до исцрпување на средствата предвидени за оваа активност, а кој период започнува да тече сметано од денот на склучување и потпишување на овој Договор од двете договорни страни, со можност за продолжување на истиот со претходна писмена согласност на двете договорни страни и под услови кои ќе бидат дополнително определени.

**ПРАВА И ОБВРСКИ НА СТРАНИТЕ**

**ПРАВА И ОБВСКИ НА ДАВАТЕЛОТ НА УСЛУГАТА**

**Член 4**

Давателот на услугата се обврзува да услугите детално опишани во член 1(еден) од овој Договор да ги извршува со користење на специјални кафези со механизми за самозатварање, специјални стапови со сајла (омча), дувалка – амазонка со анаестетик, заловените кучиња да ги

транспортира со моторни возила до објектите – прифатилишта во кои секојдневно ќе им обезбеди хранење и напојување за времето додека се сместени во истите.

Давателот на услугите се обврзува да во објектите – прифатилиштата обезбеди елементарна заштита за кучиња од непогодни временски услови, да се обезбеди нивно ефикасно затаварање согласно важечките законски одредби за заштита на животните и правилниците донесени од надлежните институциии.

Докторот по ветеринарана медицина ангажиран од Давателот на услугата, во зависност од конкретна потреба и согласно прописите од областа на ветеринарното здравство, ќе врши еутаназија, стерилизација, вакцинација, дехелмитизациј на заловените кучиња.

Давателот на услугата се обврзува да води евиденција на извршените услуги.

## ПРАВА И ОБВСКИ НА ОРГАНОТ - КОРИСНИКОТ НА УСЛУГАТА

**Член 5**

Корисникот на услугата се обврзува да ја исплаќа вредноста на извршените услуги според цените и условите наведени во членовите 2(два) и 3(три) од овој Договор.

Корисникот на услугата превзема одговорност за надомест на штета на трети лица како оштетени од напад од кучиња скитници и нерегистрирани кучиња на територија на Општина Зрновци, а со тоа се исклучува секаква одговорност, солидарност и право на регрес од Договорната страна како надомест на штета на трети лица како оштетени од напад од кучиња скитници и нерегистрирани кучиња на територија на општината.

Доколку Давателот на услугата не се придржува кон обврските од овој Договор, Корисникот на услугата може еднострано да го раскине Договорот, но со претходен отказен рок од 1 (еден) месец, сметајќи од денот на приемот на писмениот отказ од страна на Давателот на услугите.

## РОК НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ

**Член 6**

Давателот на услугата е должен, услугите од член 1 (еден) на овој Договор да ги извршува сукцесивно по потреба на договорниот орган, во рок од три дена по претходно доставено писмено барање од Корисникот на услугата или во вид на акција за заловување на повеќе животни, на временски период од 60 (шеесет) дена.

## ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ

**Член 7**

Давателот на услугата се обврзува дека квалитетно ќе ги извршува услугите кои се предмет на овој Договор и во согласност со прифатените стандарди и норамтиви за извршување на таков вид на услуги.

## РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 8**

Овој Договор може да се раскине по протек на рокот за кој истиот е склучен односно по сила на Закон или во случај на ненавремено исполнување на обврските од страна на Корисникот или Давателот на услугите предвидени согласно Договорот, како во случај на спогодбен раскин, по пат на писмена спогодба, со взаемна согласност на договорните страни.

Овој Договор може да биде раскинат со едострана изјава на волја од било која договорна страна, само доколку другата страна не ги исполнува своите обврски според овој Договор, по пат на писмено известување - отказ, но со претходен отказен рок од 1 (еден) месец, сметајќи од денот на приемот на писмениот отказ од страна на Корисникот односно Давателот. Со ова Страните изречно се согласуваат дека истите не можат да го раскинат Договорот за времетраењето на неговата важност по пат на писмено известување – отказ, без претходно да се достави писмено известување за раскинување на Договорот до другата договорна страна, а во кое известување детално мора да бидат образложени причините за раскинувањето, со приложување на докази за ваквите тврдења.

Пред да биде упатен едностран отказ согласно став 2 на овој член, задолжително е претходно да секоја од договорните страни достави писмено предупредување со примерен рок, кој рок не може да биде пократок од 7 (седум) дена, за исправање на одделни пропусти или отстранување на одредени недостатоци.

**ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ**

**Член 9**

За се што не е предвидено со овој Договор, ќе важат одредбите од Закон за облигациони односи.

**Член 10**

Секоја од договорените страни може да се ослободи од обврските кои произлегуваат од овој Договор ако околностите што се наведени во истиот се изменат до толку, што во целост не соодвестуваат со условите и целите заради кои истиот е склучен.

**Член 11**

Сите одредби од овој Договор се израз на волјите на договорните страни и истите потврдуваат дека не постојат никакви мани на волјите помеѓу нив, а кое нешто го потврдуваат и со своите потписи на овој Договор.

**Член 12**

Во случај на спор, странките се согласни да го решат спогодбено, а доколку тоа не е можно, надлежен ќе биде **Основен суд во Кочани** како месно и стварно надлежен суд.

**Член 13**

Овој Преддоговор е сочинет во **5 (пет)** примерока и тоа по **2 (два)** примерока за секоја од договорените страни и **1 (еден)** за административни потреби.

| Корисник на услугите: | Давател на услугите: |
|---|---|
| **Општина Зрновци** | **ДООЕЛ Ветеринарна станица-Виница** |
| **Градоначалник** | **Управител** |
| **Борчо Коцев** | **Кристина Филипова Наунов** |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ЗРНОВЦИ ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

ДРУШТВО ЗА УСЛУГИ ВЕТЕРИНАРНА СТАНИЦА ВИНИЦА